Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

**04 – 6449/ __ од __.07.2026 година**

Врз основа на член 22 став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), член 23 став (4) од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021, 111/2023, 39/2025, 74/2025 и 124/25) и член 11 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016и и 11/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ОДЛУКА

**за избор на еден (1) извршител на определено време за работно место** Помлад соработник за внатрешна контрола во Одделение за внатрешна ревизија во инспекторатот – Самостојно одделение

1. **За работното место** Помлад соработник за внатрешна контрола во Одделение за внатрешна ревизија во инспекторатот – Самостојно одделение при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Државен инспекторат за земјоделство се избира кандидатот **АНАСТАСИЈА СТЕФАНОВСКА.**
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време од 01.07.2026 година до 31.12.2026 година формирана со Решение број 04-6449/34 од 25.06.2026 година донесено од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по Јавниот оглас за вработување на определено време со број 03/2026 објавен на 24.06.2026 година во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха за работното место број 18 од огласот: Помлад соработник за внатрешна контрола во Одделение за внатрешна ревизија во инспекторатот – Самостојно одделение спроведе селекција за избор на кандидат за наведеното работно место.

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време изготви Записник од извршена селекција од јавниот оглас за вработување на определено време број 04- 6449/36 од 29.06.2026 година, Записник од работата на Комисијата за вработување на определено време по Јавен оглас број 03/2026 заради спроведување на интервју број 04- 6449/37 од 30.06.2026 година и Предлог-одлука за избор на кандидати број број 04- 6449/38 од 30.06.2026 година, врз основа на што Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе тужба пред основен граѓански суд Скопје во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Борче Серафимовски**

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именованиот
- Сектор за човечки ресурси
- Сектор за финансиски прашања
- Агенција за вработување